# ОСМУ „ Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ„ БИТОЛА

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2024– 2025 год.***




*Август 2025 година*

*Битола*

ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи ,, Битола Адреса

,, Македонска фаланга ,, 31- б Тел : ++ 389 47

237 850 ( Факс)

Е-пошта: drjkalauzibt@t..mk

Врз основа на член 92 став 2 алинеја 7 од Законот за средно образование ( Сл.весник на Р.Македонија, бр. 44-95, 24-96, 34-96, 35-97, 82-99, 29-2002, 40-2003, 67-2004, 55- 2005, 113-2005,35-2006,30-2007,49-2007, и 92-2008),а на барање на Државниот
просветен инспекторат, директорот на ОСМУ Д-р Јован Калаузи, Битола го поднесува овој Годишен извештај :

Во текот на своето постоење средно медицинско училиште, успева да ја докаже својата вредност. Доказ за тоа се бројните награди и признанија кои ги има добиено како колектив, признанија на одредени членови на наставничкиот состав и најважниот дел наградите и признанијата стекнати од нашите ученици. Во однос на тековните планирани активности во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024 -2025 година, базирани врз Планот за развој на училиштето и во согласност со мисијата и визијата на училиштето, потребно е истовремено со реализацијата на тие активности, да се спроведе и евалуација, во контекст на што презентираме дел од истите, во овој Годишен извештај за работата на училиштето. Она што е значајно за проценката, вреднувањето, донесувањето на заклучоци и евентуална корекција на планираните активности е прибирање на податоци и важни информации за се’ што е изведено и реализирано во учебната 2024 - 2025година.

Во Годишната програма за работа беа предвидени активности врз база на Националната стратегија за образование во РМ кои опфаќаа пред се' :

- перманентно унапредување осовременување и иновирање на воспитно-образовниот процес и обезбедување на добро обучени и квалификувани кадри
- негување на сопствените традиционални вредности
- интеграција на еколошка едукација во Македонскиот образовен систем
- меѓуетничка интеграција во образованието
- развивање на безбедни училишта
- развивање на работата на Кариерен центар и оспособување на младите за вработливост
- развивање на животни вештини кај учениците
- почитување на позитивните европски искуства и пракси
- критичко прифаќање, анализи и адаптирање на иновациите со цел стабилен и прогресивен развој на воспитно-образовниот систем, а преку него и самото општество.

## 1. Лична карта на училиштето

– ***Општи податоци за училиштето***

| Име на училиштето | Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ |
|---|---|
| адреса, општина, место | Ул. „Македонска фаланга „ 31 – б , Битола |
| Телефон | ++ 389 237 850 ; ++ 389 224 984 |
| Фах | ++ 389 237 850 |
| е-маил | drjkalauzibt@t-home.com.mk |
| основано од | Народен одбор на Битолска околија |
| Верификација- број на актот | 9262 |
| Година на верификација | Од 29.06.1956 година |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1960 година |
| Тип на градба | Тврда градба – зграда |
| Површена на објектот | 2210 м$^2$ |
| Површина на училшниот двор | 5738 м$^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 875 м$^2$ |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училиштето | Со централно парно греење |
| Број на паралелки | 32 |
| Број на смени | 2 |

– ***Просторни услови за работа на училиштето***

| Вкупен број на училишни згради | 1 |
|---|---|
| Број на спортски терени | 1 , Спортска сала |
| Број на катови | 2 + 1 |
| Број на училници | 16 |
| Број на помошни простории | 4 + 1, Кариерен центар |
| Училишна библиотека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Училишниот објект се загрева со систем за парно греење изграден во 2000 година.Системот 90/70С$^0$ работи со два котли од типот YA-180 со капацитет од по 290 kW. Како гориво се користи лесно масло за горење сместено во сезонски резервоар со капацитет од 15m$^3$ поставен во лежечка положба. Инсталацијата за гориво е изработена во согласност со одредбите со Правилникот за чување на масло за греење. Работниот притисок се одржуваат со експанзиони садови од по 280 литри. |

Учебната 2024 - 2025 година започна со реализација на 02.09.2024 година и од технички аспект наставата се изведува во една зграда – изведена во тврда градба, со вкупна површина од 2210 м$^2$ кој податок е извлечен од катастарскиот план на земјиштето. Училиштето располага и со дворно место со вкупна површина од 5738 м$^2$ на која површина изградена е и спортска сала.

Училиштето располага со простор при што училишната зграда е поделена на следниве категории простор со назначената површина :

- Подрумски простории со површина од 179 м$^2$
- Приземје со површина од 590 м$^2$
- Спрат со површина од 610 м
- Потпокрив со површина од 610 м$^2$
- Кабинетски простор со површина од 220 м$^2$ .
- Кабинетите кои служат за изведување на практична настава и вежби за учениците од здравствената струка и струката лични услуги целосно се опремени и максимално се искористени во текот на целата работна недела и истите пружаат комплетни услови за индивидуална работа на учениците,со посебни вештини кај учениците во рамките на струката.
- Спортска сала изградена како дел од „Проектот 145 Спортски сали„ на Владата на Р.Македонија и Агенцијата за млади и спорт на Р.Македонија

На приземјето,спратот и потпокривот училиштето располага со училнички простор со квадратура од 863 м$^2$ кој е поделен на :

- 11 училници ;
- 8 специјализирани училници – кабинети за обработка на пооделни наставни содржини
- Простории за наставни средства и помагала ;
- Канцеларија за директор;
- Канцеларија на помошникот на директорот ;
- Наставничка канцеларија со помошна чајна кујна ;
- Канцеларија за административен персонал;
- Просторија за техничкиот персонал;
- Канцеларија за педагошко-психолошката служба;
- Библиотека ;
- Центар за Кариера
- Санитарни јазли за учениците на трите нивоа на објектот ;
- Санитарни јазли за вработените на приземјето и на спратот.

Податоците што се даваат во прилог се однесуваат на постоечката опрема со која располагаше училиштето во учебната 2022 / 2023 година .

Во однос на постоечките технички ресурси училиштето

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | располага и е опремено со современа ергодидактичка опрема во голем процент добиена пред неколку години како донации, како и проекти реализирани со помош на МОН и Владата на Р.Македонија .<br><br>Во однос на користењето на компјутерската технологија во секојдневниот живот на училиштето на расплагање на учениците и наставниците имаме 41 компјутер, 6 смарт- табли и 7 телевизори.<br><br>За продлабочување на знаењата на наставниците, како и стручно усовршување, а исто и за учениците, во функција е ставена и училишната библиотека со фонд над 7000 книги, стручна литература од областа на економските науки - бизнисот и менаџментот, лектири, списанија и весници како и литература која е дел од бројни семинари и обуки, во која изобилува квалитетна содржина со која се придонесува за изработка на ученички проекти, кои произлегуваат од реализацијата на наставата.<br><br>МОН согласно Законот за учебници за основното и средното образование од учебната 2009 / 2010 г. е обврзано да обезбеди бесплатен комплет на учебници за секој ученик во сите основни и средни училишта на државно ниво.Состојбата со стручните училишта во овие учебни години е лоша заради недостиг на стручни учебници и др.тип на литература која требаше да се дистрибуира до учениците.. |

– ***структура на училиштето***

Во учебната 2024/2025 година во ОСМУ Д-р Јован Калаузи Битола работат стручните тела и органи во училиштето и тоа: Училишен одбор, чиј претседател е Билјана Чапрагоска, Совет на родители чиј претседател е Вера Марковска, родител на ученикот Андреа Марковска од 4 година, а истиот број претставници од редот на родителите од секоја образовна година вкупно 9 члена, како и Наставничкиот совет во полн состав од редот на вработените во училиштето.

Администрацијата, евиденцијата на вработените и финансиското работење во училиштето стандардно и оваа учебна година го извршува административната служба претставена со: секретар, Михајло Свидерски; благајник, Марија Саздановска и книговодител, Славица Дамчевска, додека за раководењето во училиштето се грижи раководниот тим на училиштето: Директорот Горан Талевскии 2 помошници на директорот, Васка Стојасновска и Александар Чапрагоски.

Воспитно–образовниот процес во целост е поддржан од активностите на стручните активи кои успешно работат на остварување на целите од годишната програма за работа на училиштето за 2024/2025 година со посебен акцент на подигнување на квалитетот на наставата,организирајќи нагледни часови, заедничка работа на проекти и подготовка на талентираните ученици за престојните натпревари –општински и републички.

***II <u>Извештаи од стручните активи во училиштето</u>***

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТО-ОБРАЗНОВНИ ПРЕДМЕТИ ЗА НАСТАВНАТА 2024/2025**

Во периодот од 1.9.2024 до 10.6.2025 година на наставната 2024/2025 година, беа предвидени и реализирани повеќе активности според програмата за работа на општо-образовниот стручен актив, со цел поуспешно изведување на наставата во корелација на наставните содржини меѓу наставните предмети во периодот од септември 2024 година до јуни 2025 година.

Прво, на почетокот беше усвоена програмата за работа на стручниот актив за учебната 2024/5 година со очекувани резултати за успешна и поквалитетна реализација на наставните програми на општо-образовните предмети. Истата беше вметната во рамките на годишната програма за работа на училиштето. Беше дискутирано и за корелацијата на наставните теми и единици по одделни предмети во иста или различна наставна програма.

Активот редовно се состанување во периодот од 1.9.2024 до 10.6.2025 година. На состаноците се дискутираше за определени теми поврзани со наставата и училиштето.

На состаноците редовно беа разгледувани успехот и редовноста на учениците по завршувањето на сите класификациони периоди, по завршувањето на првото и второто полугодие.

Во поглед на реализираноста на наставните планови и програми, сите професори членови на овој стручен актив се изјаснија дека имаат целосна реализација на наставните планови и програми.

Наставниците по Спорт и спортски активности, заедно со учениците, учествуваа на определени спортски натпревари и постигнаа одлични резултати.

**Октомври**

По повод 77 години постоење на нашето училиште, учениците, заедно со своите професори-ментори, подготвија богата програма, а настанот се одржа во големата сала на Центарот за култура - Битола. Одговорни наставници: Марија Тановска, Дарија Наумовска, Лилјана Билјановска, Зоран Ицаноски, Ристо Крстевски, Андријана Пашоска

**Април**

Група наставници учествуваа како ментори на група ученици кои учествуваа на МАССУМ - Образовно рандеву 2025 година, во повеќе категории, беа освоени неколку награди.

**Мај**

Леона Соклевска и Матеа Ѓаковска конкурираа со есеј по повод 5 Мај – Ден на мекедонскиот јазик, ментор Марија Тановска

Наставниците по англиски јазик, заедно со група ученици учествуваа на општинскиот натпревар по англиски јазик – ELTAM, на кој освоија награди.

**Март**
Стефанија Ралеска, ментор Лилјана Биљановска
15.3.2025
Општински натпревар по англиски јазик, III награда
**Мај**
Бојана Илијоска, ментор Марија Гаштаров
10.5.2025
Државен натпревар по англиски јазик, II награда

Ментор, Славка Каракамишева

| РЕДЕН БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГОДИНА/ ПАРАЛЕЛКА | ТИП НА НАТПРЕВАР | ДАТА НА ОДРЖУВАЊЕ | ОСВОЕНИ БОДОВИ | ОСВОЕНО МЕСТО/НАГРАДА | ПОНАТАМОШЕН ПЛАСМАН НА: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Теодора Петрова | $II^4$ | ЕЛТАМ општински | 15.03.2025 | 75 | III награда | РЕГИОНАЛЕН |
| 2. | Сања Костадиновска | $III^4$ | ЕЛТАМ општински | 15.03.2025 | 84 | III награда | РЕГИОНАЛЕН |
| 3. | Теодора Петрова | $II^4$ | ЕЛТАМ регионален | 12.04.2025 | 92 | II награда | ДРЖАВЕН |
| 4. | Теодора Петрова | $II^4$ | ЕЛТАМ државен | 10.05.2025 | 84 | III награда | / |

**Мај**
17.5.2025
Државен натпревар по историја на Филозофскиот факултет во Скопје
Нина Троковска и Јована Цветановска со менторот Филип Јаковлевски, учестува на државниот натпревар по историја во огранизација на ЗИРМ (Здружение на историчари на Македонија), каде достојно го претставија нашето училиште.

Во текот на наставната година на состаноците на општо–образовниот актив беа разгледувани и дискутирани новите наставни програми, како и проблемот со намалување на бројот на часови во општо–образовното подрачје. Како најзасегнати најпрво се професорите по Англиски јазик бидејќи се загрозени часовите по англиски јазик, чиј број се намалува на неделно ниво. Во таа група на загрозени предмети е и предметот Бизнис чиј број на часови значително се намали.

Често на состаноците на Стручниот актив беше дискутирано за потребата на обуки во рамките на Стручниот актив. Секој наставник својата потреба од професионален развој ја предвидува и планира во својот Личен план за професионален развој.

Планираните наставно – научни екскурзии на учениците од I, II и III година беа реализирани според планираното.

27.6.2025 година, Битола

Претседател на активот
Дарија Наумовска

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за учебната 2024 / 2025 година

## Од работата на Стручниот актив на доктори на медицина, доктори на стоматологија и фармацевти

Септември, 2024 година. Направено е успешно планирање и реализирање на наставните програми по сите модули.

Продолжи опремувањето на кабинетите за вежби и пракса, како и набавка на потрошни материјали и реагенси. Постигната е успешна и поквалитетна реализација на наставните програми по теоретска и практична настава.

Настана зајакнување на новата улога на наставникот преку континуирано стручно и педагошко надградување;

Се подобри на наставниот процес со збогатување на нагледни средства, помагала и информатичка технологија.

Ученици од дуалните паралелки на фармацевтски техничари извршија презентација пред граѓаните по повод Денот на фармацевтите, 25ти септември.

Октомври, 2024 година. Обезбеден е постојан пристап на родителите до информации, алатки и ресурси за подршка и зајакнување на наставата. Со цел за недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и јакнење на демократските капацитети на учениците извршени се обуки на учениците, нивно информирање и достапност на информациите со цел подобрување на нивното ментално здравје; како и почитување и спроведување на протоколите за заштита на менталното здравје.

Ноември, 2024 година. Извршено е анкетирање на учениците за изведување на стручните екскурзии. Резултатите од анкетите се совпаднаа со планирањата на професорите.

Планираните екскурзии со едукативни цели како што се посети на Клиниката Жан Митрев, Скопје, Болницата „Аџибадем Систина“ Скопје, Универзитетската клиника за клиничка биохемија-Скопје, Заводот „Славеј“-Скопје, Катлановска Бања, Веледрогеријата „Филафарм“ и Фармацевтскиот оддел на болницата „Жан Митрев“ како и Универзитетскиот стоматолошки центар Св. Пантелејмон, Скопје и Факултет за стоматологија при Европскиот универзитет од објективни причини не се одржани.

Постигната е успешна реализација на воспитно-образовниот процес, која продолжува и натаму.

Декември, 2024 година. Со цел за продлабочување на знаењата на учениците и вработените во врска со соодветна стручна тема, реализирани се: стручно предавање на актуелна тема по избор, дискусија, разговор, нагледен час од страна на стручен наставник, дискусија за изведениот час, давање сугестии, критики, пофалби за истиот. Постигнато е проширување на знаењата на учениците и вработените, како и Проширување на знаењата на учениците и вработените надминување на недостатоците, усовршување на наставата.

На 25.12.2025 година сите ученици учествуваа на Новогодишниот базар. Имаше разни фармацевтски и други производи, храна, богата декорација. Производите се нудеа за прифатливи цени и собраните парични средства се наменија за добротворни цели.

Во текот на првото полугодие на 2024/2025 година се работеше и на набавка наставни помагала, реагенси и разни наставни потрошни материјали за успешна реализација на практичната настава. Целокупно гледано, во училиштето сега се чувствува позитивна работна клима.

Јануари, 2025 година. Благодарение на постојан пристап на родителите до информации, алатки и ресурси за подршка и зајакнување на наставата, постигнато е зајакнување на новата улога на наставникот. За тоа придонесе и  континуирано стручно и педагошко надградување; Подобрување на наставниот процес со збогатување на нагледни средства, помагала и информатичка технологија. Обезбедени се квалитетни материјално- технички и просторни услови за резлизација на наставните програми по Практична настава. Се изработи и усвои Полугодишен извештај за работата на активот.

Февруари, 2025 година. Стручно предавање на актуелна тема по избор е изведено кај неколку паралелки од училиштето.

Заради надминување на недостатоците и подобрување на наставата изведен е нагледен час од страна на стручен наставник, а потоа следеше дискусија за изведениот час, давање сугестии, критики, пофалби за истиот.

Се вршеше подготовка на стручните наставници за изведување на завршниот испит и матура, давање на напатствија на учениците за успешно усвојување на наставните содржини за поплагање на стручни интерни предмети во рамките на Државната матура.

Март, 2025 година. Се посетуваа часови од страна на раководниот кадар и психолошко – педагошката служба. Од тоа произлегува скенирање на состојбата со квалитетот на наставата, и тоа ќе придонесе подобрување на истата. Се одржуваше поинтензивна соработка на членовите на активот со невладини организации и фондации, со цел да се имплементира програмата во јавноста со што ќе се овозможи континуирана афирмација на училиштето.

Април, 2025 година. Во рамките на Државната матура, се реализира презентација на Проектните задачи, со што се истакнаа стекнатите знаења на учениците и нивната примена во праксата. Планирани се активностите за одржување на Отворен ден на училиштето.

Мај, 2025 година. Стручните екскурзии кои беа планирани за месец ноември 2024 година, се одржаа во мај, на 13.05.2025 година. Во врска со професионалното информирање и ориентирање, ученици и стручни наставници учествуваа во презентацијата на училиштето во основните училишта, зедоа и учество на саеми. . Заради успешна реализација на Феријалната практика, беше планирана и организирана практиката од страна на координаторот и класните раководители за прва, втора и трета година. На 15.05.2025 година се одржа Отворен ден на училиштето, настан кој беше масовно посетен и придонесе за интересот за запишување во нашето училиште.

Јуни, 2025 година. Учениците со менторство на стручните наставници според распоредот кој беше претходно направен, реализираа Феријална практика за учебната 2024/2025 година. Се одвиваа активностите, консултациите, односно полагањата од Државната матура, при што се полагаа стручните интерни предмети. Се отвори и новиот кабинет за физиотерапевтските техничари, проект целосно добиен од страна на Општина Новаци. На 27.06.25 се одржа состанок на Стручниот актив на доктори на медицина, доктори на стоматологија и фармацевти, од каде произлезе Извештајот и новата Програма за работа на активот, која важи за следната учебна година. Изведено е резимирање на работата на стручниот актив во текот на учебната 2024/2025 година, при што се направи согледување на предностите, предлозите, критиките и сугестиите, нивно прифаќање и применување во наредната година. Разгледано е и Упатството за потребниот број на работници во јавните средни училишта во Република Северна Македонија.

27. 06. 2025 год.
Битола

Претседател на стручниот актив,

Татјана Трајковска

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСЕТАТА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ОДДЕЛ И ОДДЕЛОТ ЗА ДИЈАГНОСТИЧКИ ЛАБОРАТОРИИ ПРИ БОЛНИЦАТА „АЏИБАДЕМ СИСТИНА", СКОПЈЕ

15.05.2024 година изведена е стручна-едукативна екскурзија во посета на Фармацевтскиот оддел како и Дијагностичките лаборатории при Болницата „Аџибадем Систина" во Скопје. ЦЕЛ: Учениците од трета година на фармацевтскиот профил да се запознаат со функцијата на и на Фармацевтскиот оддел при болницата, како и лабораториите за дијагностички цели, како и организацијата на работа, со посебен осврт на задачите и улогата на фармацевтските техничари во истите.

СОДРЖИНА: Учениците беа во посета на Фармацевтскиот оддел како и Дијагностичките лаборатории при Болницата „Аџибадем Систина" во Скопје. За време на посетата, учениците имаа можност да се запознаат со работата во болницата, современата технологија и персоналот. Со значењето и функцијата на Фармацевтскиот оддел и лабораториите преку воведна презентација и кратко предавање ги запозна раководителката на Фармацевтскиот сектор, М-р Ѕвездана Димовска, која објасна како се одвива снабдувањето на болницата преку фармацевтскиот оддел односно веледрогеријата. Ги истакна сите специфични потреби од лекови и медицински материјал, начинот на нивната набавка, евиденција и преод во фармацевтскиот оддел, каде тие се складираат. Потоа следуваше запознавањето со значењето и функцијата на фармацевтскиот оддел. Им беа претставени условите на складирање на лековите и материјалите. Посебно интересен за учениците беше начинот на побарување и издавање на лековите по оддели, каде главната улога ја има фармацевтот. Задача на фармацевтот е да врши секојдневна проверка на количините на лекови и материјали по одделите во болницата, за во фармацевтскиот оддел да се подготви она што е потребно, и фармацевтот да го издаде, т.е. лично да го снабди одделот во болницата. Учениците имаа можност да присуствуваат на прием на роба и подготовка на побарувања од страна на фармацевтските техничари, со што непосредно се запознаа со улогата на фармацевтскиот техничар во Фармацевтскиот оддел. Бидејќи болницата располага со најсовремени лаборатории, на учениците им беше претставена организацијата на нивната работа, најсовремените апаратури и техники на работа и најновите достигнувања во дијагностиката во земјава. Технолошките можности на болницата овозможуваат прецизна дијагноза и третман на сите заболувања. Нивната работа постојано е фокусирана кон имплементирање на последните достигнувања во медицината и фармацијата.

„Воодушевени сме од капацитетите, можностите, начинот на работа и технологијата што ја поседува болницата, медицинските услуги и примената на најсовремените протоколи при лекувањето на пациентите. Нам како идни медицинари и фармацевти овие посети ни се од големо значење", споделија учениците.

Одговорни наставници
Татјана Трајковска
Филип Џокоски

Раководител на екскурзијата,
Татјана Трајковска

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСЕТАТА НА ВЕЛЕДРОГЕРИЈАТА „ФИЛАФАРМ“, ФАРМАЦЕВТСКИОТ ОДДЕЛ, БОЛНИЧКИ ОДДЕЛИ И ЛАБОРАТОРИИТЕ ПРИ „ЖАН МИТРЕВ КЛИНИКА“, СКОПЈЕ

03.04.2025 година изведена е стручна-едукативна екскурзија во посета на Веледрогеријата „Филафарм“, Фармацевтскиот оддел како и биохемиската и генетската лабораторија при „Жан Митрев Клиника“ во Скопје. Посетени беа и некои болнички оддели.
ЦЕЛ: Учениците да се запознаат со функцијата на Веледрогеријата и на Фармацевтскиот оддел при клиниката, лабораториите по Биохемија и Генетика, како и организацијата на работа, со посебен осврт на задачите и улогата на фармацевтските техничари во истите. Учениците за прв пат беа во посета на некои болнички оддели, со што се запозаа со клиничката фармација.

СОДРЖИНА: Учениците беа во посета на Веледрогеријата „Филафарм“, Фармацевтскиот оддел како и лабораториите по Биохемија и Генетика при „Жан Митрев Клиника“ во Скопје. Учениците за прв пат беа во посета на некои болнички оддели, со што се запозаа со клиничката фармација. Со значењето и функцијата на веледрогеријата, одделот и лабораториите преку воведна презентација и кратко предавање ги заозна директорката на веледрогеријата, М-р Ирена Стојановска, која објасна како се одвива снабдувањето на болницата преку фармацевтскиот оддел односно веледрогеријата. Ги истакна сите специфични потреби од лекови и медицински материјал, начинот на нивната набавка, евиденција и преод во фармацевтскиот оддел, каде тие се складираат. Потоа следуваше запознавањето со значењето и функцијата на фармацевтскиот оддел. Им беа претставени условите на складирање на лековите и материјалите. Посебно интересен за учениците беше начинот на побарување и издавање на лековите по оддели, каде главната улога ја има фармацевтот. Задача на фармацевтот е да врши секојдневна проверка на количините на лекови и материјали по одделите во болницата, за во фармацевтскиот оддел да се подготви она што е потребно, и фармацевтот да го издаде, т.е. лично да го снабди одделот во болницата. Учениците имаа можност да присуствуваат на прием на роба и подготовка на побарувања од страна на фармацевтските техничари, со што непосредно се запознаа со улогата на фармацевтскиот техничар во Фармацевтскиот оддел. Бидејќи клиниката располага со најсовремени лаборатории, на учениците им беше претставена организацијата на нивната работа, најсовремените апаратури и техники на работа и најновите достигнувања во генетиката во земјава. Учениците за прв пат беа во посета на некои болнички оддели, со што се запозаа со клиничката фармација.

Одговорни наставници:
Билјана Чапрагоска
Александар Чапрагоски

Раководител на екскурзијата,
Татјана Трајковска

**Извештај за спроведените активности и натпревари организирани од МАССУМ-младинска асоцијација на средни стручни училишта во Македонија, и „Џуниор Ачивмент Македонија за учебната 2024/2025 година**

Во рамки на Содржините програмирани од училиштето-Ученичка компанија-претприемничка практика за млади, во учебната 2024/2025 беше регистрирана ученичка компанија од страна на учениците и со тоа истите имаа можност да се претстават на регионалниот и националниот натпревар на „Најдобри ученички компании“.

Регионалниот натпревар се одржа во Велес на 10.4.2025 година на кој учениците одлично се претставија и се пласираа на националниот натпревар кој се одржа во Скопје на 7.5.2025. год.

Процесот на регистрирање и следење на работата на ученичките компании е во соработка со организацијата Junior Achivement Macedonia, која е изготвувач на програмата и организатор на натпреварите.

Ученичката компанија Med Connect Virtual Care, беше основана од страна на учениците од трета година од профилот медицинска сестра и станува збор за ученичка компанија која се занимава со нудење на медицински услуги преку иновативна платформа за телемедицина, коа овозможува брз и лесен пристап до медицински консултации, едукативни работилници, едукативни материали поврзани со здравјето на пациентите. Телемедицината значи примена на дигитални комуникациски технологии, за обезбедување на медицински услуги на далечина преку видео консултации, размена на медицински податоци преку електронски платформи, далечинско следење на пациенти и давање на медицински совети, без физичко присуство на лекарот.

Програмата Ученичка компанија-претприемачка практика за млади не само што им овозможува на учениците да ги подобрат нивните претприемнички вештини, вештините за планирање, организација, ги подобрува и нивните знаења во делот на финансиско планирање, лидерство, го поттикнува натпреварувачкиот дух и ги подготвува за вработување и работа.

На 24 и 25 Април 2025 год, во Кавадарци се одржаа натпреварите организирани од МАССУМ-Младинска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија, на кои и оваа година учествуваа нашите учениции во повеќе категории и ги освоија следните награди:

-во категорија „најдобар штанд“- прво место под менторство на професорките: Дијана Талева и Андријана Пашоска, освоија следните ученици:

1.Евгенија Ангелова
2.Натали Вељановска
3.Марија Тасевска
4.Габриела Нешкоска
5.Мила Бошевска
6.Елена Настевска
7.Михаил Гулугаровски
8.Андреа Ќебаковска
9.Адела Исова
10.Катерина Спасова
11.Дарко Кулевски
12.Дамјан Јанкоски
13.Јована Стојанова

-во категорија „Интервју за работа на англиски јазик“- второ место, под менторство на професорите Лилјана Билјановска и Гоце Ѓоревски освои ученичката:

1.Бојана Илиоска

-во категорија„Најдобар бенд и соло изведувач“ трето место, под менторство на професорот Зоран Ицановски освоија учениците:

1.Крсте Попоски
2.Јована Анџиева
3.Иван Митровски
4.Ана Јовановска
-во категорија „Најдобра екипа во серва“, прво место под менторство на професорите Марија Котевска и Јован Христовски освоија следните ученици:
1.Виктор Делов
2.Оливер Павлов
3.Христијан Ѓеоргиев
4.Лаура Ангелевска

Изготвил:
Дијана Талева

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ
за учебната 2024/2025 година

Стручниот актив на медицински сестри во текот на учебната 2024/2025 година врз основа на изработената и усвоена Годишна програма за работа ги реализира планираните цели.

Изработена е и усвоена Годишната програма за работа на Активот со очекувани резултати за успешна и поквалитетна реализација на наставните програми по практична настава и вежби.

На 21 октомври 2024 година ученици од паралелките III 6, IV 5 и IV 6 со стручниот наставник Оливера Јовановска присуствуваа на трибината Грижа за себе- Образование и превенција на рак на дојка, организирана од Општина Битола.








Според Годишната програма за работа на Стручниот актив на медицински сестри во првото полугодие предвидени се стручни посети на специјализирани здравствени установи. Реализирана е посета на Болницата за душевни болести во Демир Хисар со учениците од образовниот профил медицинска сестра од IV4 и IV5 и со паралелката од образовниот профил гинеколошко- акушерска сестра III6. Посетите се реализирани на 04 и 05 декември 2024 година и од страна на одговорните наставници се поднесени извештаи за содржината и целта на посетата. Одговорни наставници: Билјана Патчева, Оливера Јовановска. Кристина Шурбановска.






*Посета на Психијатриската болница Демир Хисар*

На 05.12. 2024 година ученици од IV6 клас со стручниот наставник Билјана Патчева присуствуваа на предавање на тема ,, Минимална инвазивна ендокрина хирургија,, кое се одржа на Високата медицинска школа во Битола од страна на професор Теодосиос Папаврамидис од Аристотел универзитетот во Солун.




Според програмата предвидена е и посета на нагледен час. Истиот е реализиран кај стручниот наставник Билјана Данчевска. Присутни на часот беа:  дел од членовите на Стручниот актив: Елизабета Грујоска Марковска и психологот Цветанка Христовска. Обработена беше наставната содржина ,,Декубитус- превентивни мерки и лекување,, по наставниот предмет Основи на нега со ученици од II 6 клас.

На 16, 17 и 20 декември учениците од втора година од образовните профили медицинска сестра и гинеколошко- акушерска сестра, го посетија Одделот за централна стерилизација во Клиничката болница ,, Д-р Трифун Пановски,, Битола. Учениците се запознаа со организацијата на работа во овој оддел, значењето, видовите, карактеристиките и контролата на стерилизацијата.





*Посета на учениците од II година на Одделот за централна стерилизација при Клиничката Болница Др трифун Пановски Битола*

Членовите на Стручниот актив на заинтересираните ученици од четврта година им поделија теми за проектна задача за полагање на Државна матура и завршен испит. Темите се  прецизно дефинирани и концизни. Истотака и учениците понудија  дефинирана тема.

  

*Одбрана на теми за проектна задача*

Со Годишната програма за работа на Стручниот актив на медицински сестри, со учениците од IV година од образовниот профил медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра, планирана, организирана и реализирана е стручно- истражувачка екскурзија со посета на Болницата Аџибадем Систина во Скопје  Учениците се запознаа со организацијата и карактеристиките на оваа здравствена установа, по што истите ги посетија: Дијагностичкиот центар, кабинет за ЕХО, коронографија, Оперативен блок, Оддел за интензивна нега, лекување и реанимација, кабинетите за гастроскопија, ректоскопија, кабинет за коронарен стрес тест, астма кабинет, алерголошки тестирања, неонатолошко и педијатриско одделение. Од посетата беа направени фотографии од страна на учениците и одговорните наставници. Истата се релизира на 03.04.2025 година со одговорните наставници Лилјана Поповска,  Билјана Патчева и  Оливера Јовановска.

 

 


*Посета на болницата Аџибадем Систина- Скопје*

Со Годишната програма за работа на Стручниот актив на медицински сестри, со учениците од III година од образовниот профил медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра, планирана, организирана и реализирана е стручно- истражувачка екскурзија со посета на Специјална болница ,, Жан Митрев,, во Скопје.Учениците при посетата во болницата ги посетија:, Оперативен блок, Оддел за интензивна нега, лекување и реанимација, кабинет за ЕХО, коронографија, , кабинетите за гастроскопија, ректоскопија, кабинет за коронарен стрес тест, дијагностичкиот центар, астма кабинет и алерголошки тестирање, оддел за стерилизација, лабараторија, внатрешна аптека. Покрај овие ги посетија  и се запознаа со работата на новоотворениот оддел за гинекологија и акушерство како и одделот за пластична и реконструктивна хирургија каде ги видоа најсовременети апарати во хипербарната комора. Од посетата беа

направени фотографии. Истата се реализира на 13.05.2025 година со одговорните наставници: Билјана Патчева, Анета Масалковска, Кристина Шурбановска.






*Посета на болницата Жан Митрев- Скопје*

Во однос на реализацијата на наставата, вежбите по наставниот предмет Основи на здравствена нега и Основи на нега од II година од образовните профили: медицинска сестра, гинеколошко- акушерска сестра и физиотерапевтски техничар, се одвиваат во училиштето во кабинетите по Основи на нега.

Практичната настава во III и IV година од образовниот профил медицинска сестра се реализира во Клиничката болница ,, Др Трифун Пановски” Битола и Домот за народно здравје Битола.







Наставните содржини по наставниот предмет Практична настава во III и IV година, како и

вежбите по наставниот предмет Основи на здравствена нега и Основи на нега се реализирани успешно и во целост, за што говорат постигнатите резултати и високиот одличен среден успех по овој предмет.

Стручните наставници од Стручниот актив на медицински сестри континуирано се насочени кон стручно усовршување и професионален развој. Сите стручни наставници успешно ги завршија обуките организирани од ГОПА, за што се здобија со сертификати за усшено учество.Стручните наставници Елизабета Грујоска Марковска и Билјана Данчевска учествуваа на првиот симпозиум на Друштвото на гинеколошко- акушерски сестри на тема: ,,Современи дијагностики во гинекологијата и акушерството” и за нивното успешно учество се здобија со сертификати, што претставува уште еден чекор во нивниот професионален развој.




За поуспешна реализација на вежбите по Основи на здравствена нега и Основи на медицинска нега и Основи на нега обезбедени се 5 апарати за мерење на крвен притисок што овозможува индивидуална работа на учениците и подобрување на квалитетот на наставата.

Членовите на Стручниот актив на медицински сестри користејќи ги социјалните мрежи и други електронски медиуми вршеа промоција на училиштето за упис на ученици во прва година. Истотака, активно учествуваа во активностите на отворениот ден за промоција на школото што се одржа на 15 мај 2025 година.





 

27.06.2025 Претседател

Битола

Елизабета Грујоска Марковска

**Постигнати резултати за 20224/2025 година прво полугодие**
**на ОСМУ “Д-р Јован Калаузи”Битола**

## Есенски крос-30.09.2024



две први места
две  втори места
едно трето место

учесници: 14 од I-IV година

Ментор
Марија Котевска

## Европски ден на спортот 23.9.2024



Учествуваа:
 50 ученици од сите класови
4 професори

Ментор
Марија Котевска

## Ноќна трка 03.11.2024



три први места
две втори места
едно трето место
учесници: 14 од I-IV година
 **Број на учесници 25**

Ментор
ја Котевска

## Пинг - понг општински натпревар 8.11

**Поединечна конкуренција девојки:**
-девојки едно четврто место
-машки учество
**Број на учесници 3**

Ментор
Марија Котевска

## Шах општински натпревар 23.11.2024



**Мартин Ташковски трето место**
**Девојки- екипно учество**
**Момчиња – трето место екипно**
**Број на учесници 12**

Ментор
Марија Котевска

Саше Илиевски

**Шах државен  натпревар 28.11.2024 Ресен**

**Мартин Ташковски 13 место од 30 учесници**

Ментор
Марија Котевска

## Стрелаштво општински натпревар 4.11.2024



Едно прво место женска конкуренција

Едно трето место женска конкуренција

**Број на учесници 8**

Ментор
Марија Котевска

## Стрелаштво државен   натпревар  14.11.2024

Лела Стојановска  второ место во женска конкуренција

**Број на учесници 6**



Ментор
Марија Котевска

## Футсал општински натпревар 14.10-18.10.2024

Второ место - момчиња
Прво место - девојки
**Број на учесници 20( број на екипи 6)**



Ментор
Зоран Коруновски

## Одбојка општински натпревар 13-27.11.2023(ж- м)

четврто  место момчиња
трето место-девојки
Број на учесници 41( момчиње и девојки)

Ментор
Марија Котевска

**Ракомет општински натпревари**
**11.11-18.11.2024**
**4.11-15.11.2024**

Второ место - момчиња
Трето место - девојки
**Број на учесници:17 момчиње**

## Кошарка општински натпревар 21.10.-28.10.2024 (м-ж)



четвртo  место-девојки
третоместо момчиња
**Број на учесници:33 момчиња и девојки**

Ментор
Јован Христовски

## ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

### Фудбал-голем општински натпревар мај

учество - момчиња
девојки-/
**Број на учесници:30 (момчиње и девојки)**



Ментор
Зоран Коруновски

**МАССУМ**
**Серва**

**Прво место**



Ментор
Марија Котевска

**МАССУМ**

**Баскет**

учество



Ментор
Јован Христовски

**Баскет општински натпревар**



учество - момчиња
III- место девојки

**Број на учесници:24 (момчиње и девојки)**

Ментор
Јован Христовски

**Пријателски натпревар со СОТУ Ѓорги Наумов-Битола во Футсал за прва и втора година**

учество - момчиња
II- место девојки
**Број на учесници:24 (момчиње и девојки)**



Ментор
Марија Котевска

**Општински натпревари за прва и втора година**
**Ракомет**

**(машки) прво место**
**Број на учесници:14 (момчиње)**

Ментор
Зоран Коруновски

**Општински натпревари за прва и втора година**
**Футсал**

(женски)прво место
**Број на учесници:14 ( девојки)**

Ментор
Марија Котевска

**Општински натпревари за прва и втора година**

Одбојка(женски)трето место
**Број на учесници:24 (момчиње и девојки)**

**Кошарка општински натпревар за прва и втора година**

учество - момчиња
III- место девојки
**Број на учесници:24 (момчиње и девојки)**

Ментор
Јован Христовски

## Одбојка општински натпревар за прва и втора година



учество - момчиња
III- место девојки

**Број на учесници:24 (момчиње и девојки)**

Ментор
Марија Котевска

## Недела на движење
## 23-29.5.2025 спортски игри







**Број на учесници:70**

**Ментори:**
**Марија Котевска**
**Јован Христовски**
**Зоран Коруновски**

| Видови на спортски активности | Натпревари | | | | | | | | | | | | Број на ученици | Освоени места вкупно | | | ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општински | | | | регионален | | | | државен | | | | | | | | |
| | I | II | III | у | I | II | III | у | I | II | III | у | | I | II | III | |
| Есенски крос | 2 | 2 | 1 | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 14 | 2 | 2 | 1 | Марија Котевска |
| Ноќна трка | 3 | 2 | 1 | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 25 | 3 | 2 | 1 | Марија Котевска |
| Пинг-понг | / | / | / | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 | / | / | / | Марија Котевска |
| Шах | / | / | 2 | V | / | / | / | / | / | / | / | V | 12-1 | / | / | 2 | Марија Котевска |
| Стречаштво | 1 | / | 1 | V | / | / | / | / | / | 1 | / | V | 8-6 | / | 1 | 1 | Марија Котевска |
| Футсал | 2 | 1 | / | V | 1 | / | / | V | / | / | / | / | 20 | 3 | 1 | / | Зоран Коруновски |
| Одбојка | / | / | 2 | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 41 | / | / | 2 | Марија Котевска |
| Кошарка | / | / | 3 | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 33 | / | / | 3 | Јован Христовски |
| Фудбал | / | / | / | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 30 | / | / | / | Зоран Коруновски |
| Ракомет | 1 | 1 | 1 | V | / | 1 | / | V | / | / | / | / | 17 | 1 | 2 | 1 | Зоран Коруновски |
| Атлетика | 1 | 1 | / | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 1 | 1 | / | Марија Котевска |
| МАССУМ | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | V | 10 | 1 | / | / | |
| Баскет | / | / | 1 | V | / | / | / | / | / | / | / | / | 17 | / | / | 1 | Јован Христовски |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ОСВОЕНИ НАГРАДИ/МЕСТА ПО ПРЕДМЕТОТ СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024-2025 ГОДИНА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ**

За учебната 2024/2025 година

Инклузивниот тим на училиштето е формиран во следниот состав,
- Горан Талевски
-Дуковска-Димовска Елена
-Хрстовска Цветанка
-Мицеска Анита
-Илиевска Марија
-Ѓорески Гоце
-Стефановска Гордана,родител

**Задачите на инклузивниот тим се**

-Изготвување годишнии акциски планови
-обезбедува услови за подобра реализација на образовниот процес кој ке одговара на потребите на сите ученици
-учествува во адаптација на училишната средина на соодветен начин во задоволунање на посебните образовни потреби
-ја насочува својата работа во идентификување на посебните потреби на учениците,односно изработува педагошки профил на ученикот
-соработува со инклузивните тимови од основните училишта во насока на прибирање на податоци и информации за учениците кои се запишуваат во средно стручно образование
-ги објавува пропишаните информации кои се однесуваат на работата и обезбедувањето услови за учениците со посебни образовни потреби
-води досие за ученицие со посебни образовни потреби
-дава широк спектар на поддршка на наставниците при работа со ученици со посебни образовни потреби кои генерално се однесуваат на ,

-организирање обуки за наставниците
-обезбедување помош на наставниците
-помагање при изработка на ИОП
-учество во решавање на сите проблемски ситуации со наставниците
-помош при реализација на практичната настава

-сорботува со стручни институции,со здруженија,со локалната заедница и со локалната самоуправа,
-поднесува извештаи за мерките кои се преземени и се спроведуваат при реализација на образовниот процес на учениците со посебни потреби.

### *III* ***Едукација на кадри***

Во учебната 2024/2025 година во ОСМУ ,,Д-р Јован Калаузи,, како стручно училиште се реализираат реформирани наставни програми од 4-годишното образование и се едуцираат кадри од следните струки:

I. ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА/ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА - која е застапена со 4 образовни профили во 28 паралелки

II. ЛИЧНИ УСЛУГИ – застапена со 4 паралелки

### *IV* ***Наставен кадар***

ОСМУ ,, Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ ,, Битола учебната 2024/2025

год.ја започна со екипираност на наставниот кадар и истото располага со стручно оспособен кадар со стекнато соодветно образование и стекната соодветна педагошка-психолошка и методска подготовка во согласност со нормативите за наставен кадар во стручните училишта:

42 предметен наставник по општо-образовни предмети

25 стручни наставници –извршители од стручното подрачје на предмети и практична настава и тоа лекари,фармацевти и стоматолози

Во училиштето од ненаставен кадар во учебната 2024 / 2025 година работат стручните соработници: училишен психолог, педагог, библиотекар - медијатекар и 5 лаборанти-демонстратори.

### *V* ***Ученици:***

Во учебната 2024/2025 год.во училиштето се образуваа 765 ученика во сите четири години.

## 3. Мисија и визија

***Мисија***

*Според мисијата на училиштето, на учениците им се овозможи активно да уживаат во учењето и наклонетоста кон учењето, да ја разберат важноста за интелектуалната, физичката и емотивната рамнотежа. Воедно, им беше овозможено да се оформат со квалитетен кадар со високоразвиена свест за меѓуетничка толеранција кој ќе може да одговори на потребите на пазарот на трудот. Оние ученици, кои решиле да го продолжат своето образование на високо образовните институции во земјата и странство, ги подготвивме активно да се вклопат во современите едукативни текови.*

***Визија***

*За реализација на поставената визија се реализираа низа активности кои ќе дадат резултат и во наредните години.*

*Со активностите кои се наведени во првото подрачје се надеваме дека ќе се приближиме до стандардите на еден ефикасен ,ефективен и модерен училиштен центар кој ќе нуди широк спектар на образовни и друг тип на услуги за учениците, граѓанството и регионот во целина, ќе го негува мултикултурализмот и меѓуетничка толеранција.*

*Сето ова е овозможено под водство на моќен и ефективен менаџмент, раководнен тим и психологот на училиштето, којшто е со развиени претприемачки способности, ефикасна организациска поставеност со флексибилност и мобилност во поглед на работните задачи и задолженија на вработените кои одговараат на секој предизвик на училиштето во целост.*

## 4. Подрачја на цели, приоритети и промени

Посебните подрачја на промени и приоритети за оваа учебна 2024 / 2025 година делумно произлегоа од подрачјата на Самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој на училиштето, а во согласност со конкретните потреби на училиштето врз база на извршената SWOT анализа.

Врз база на акционите планови за спроведување на активностите во контекст на подрачјата на промени, приоритети и цели за оваа учебна 2024 /2025 година, континуирано се изврши подигнување на квалитетот на наставата преку реализација на предвидените планирања за наставата и реализацијата на наставните програми во 2 – те струки, „Меѓуетничка интеграција во образованието„ и проектот „Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување" кој е поддржан од УСАИД ,програмата чија главна цел беше да ги зајакне главните врски помеѓу потребите на пазарот на труд и вештините стекнати низ образовниот систем и да го подбри квалитетот на ,,понудата,,на идни работници во Македонија. Проектот во средните училишта ги опреми Центрите за кариера како локации каде младите можат да разговараат и да добијат насоки за развој на нивната кариера како и да ги подобрат нивните вештини за вработување. Програмата за Подготвеност за работа како дел од ЈЕС. Мрежа и обуките во рамките на овој проект опфаќа активно учество на учесниците вклучени во процесот на учење, можност тие да практикуваат и да стекнат нови вештини и да ја јакнат самодовербата потребна да се најде и да се задржи работа.

Реализирани беа посети на часови од страна на менаџментот на училиштето, следење на воспитно-образовниот процес, развојот на човечките ресурси како и подобрување на животната средина за учење.

## 5. Наставни планови и програми

Во училиштето во учебната 2024/2025 година, беа имплементирани исклучиво наставни планови и програми донесени од страна на министерот и МОН. Сите образовни профили кои во моментот се застапени во двете струки се со четиригодишно траење.

Увидот во планирањата и подготовките за настава изработени од страна на предметните наставници, покажуваат дека доследно се следат насоките дадени во самите наставни програми како и напатствијата дадени од страна на советниците од БРО. Сите глобални планирања соодветствуваат со наставните програми дадени од МОН и БРО и врз основа на истите подготвени се и тематските планирања за секоја програма во текот на месец септември 2024 година и предадени во психолошко-педагошката служба на училиштето. Увидот во дневните планирања за наставен час ја потврдува целосно меѓусебната корелација.

Во врска со наставните планови исто така беа информирани и сите родители уште на првата родителска средба кога им се презентира целосно наставниот план за образовниот профил во кој се школува нивното дете, што лесно може да се утврди од записниците вклучени во дневникот на паралелката.

## 6. Воспитно-образовен процес / настава

Учебната 2024/2025 година започна на 02.09.2024 год. со формирањето на паралелките од I година и назначување на класните раководители од редот на наставниците, при што учениците добија напатствија за работа, се запознаа со Куќниот ред во училиштето и со наставните планови, кои предмети ќе се изучуваат, начинот на реализација на теоретската и практичната настава и распоредот на часови за истите. Наставата започна во 2 смени при што во претпладневната смена часови имаа учениците од I и IIII година, а во втората смена-попладне присуствуваа учениците од II и IV година.

Водењето на педагошката евиденција во 2024 / 2025 година се одвивање само преку користење на Е-дневникот при што секој наставник и раководител на паралелка законски е обврзан да врши администрација во Е-дневникот за секој ученик и за секој наставен час во текот на наставната година, како и за сите тековни активности што се реализираат во училиштето и надвор од него.

| | | |
|---|---|---|
| I година | 6468 | 33,28 |
| II година | 11012 | 52,49 |
| III година | 8737 | 44,1 |
| IV година | 13781 | 70,89 |




 **Теоретската настава** - се реализираше во класични училници опремени со компјутери, смарт табли, телевизори и други надгледни средства кои се потребни за нормално одвивање на наставата.

Во средината на ноември 2024 година, по завршувањето на првиот класификационен период од реализацијата на воспитно - образовниот процес од учебната 2024 -2025 година беа одржани Советите на паралелките за I, II, III, IV година за што е изготвена анализа на успехот на учениците при што истиот, редовноста и поведението по паралелки и сумиран од страна психолошко-педагошката служба. Советот на паралелката на крајот на првото полугодие го утврди успехот на учениците и е претставен во табеларен извештај споредбено со резултатите од претходните години.Третиот класификационен период заврши со утврдување на успехот на учениците и за тоа беше претставена детална анализа на успехот за тој период , а по завршувањето на наставата за учениците од IV година беше одржан Совет на паралелките, по што следеше Наставнички совет, на кој беше утврден успехот на крајот на наставната година.
За останатите години, по завршувањето на наставната година беше спроведена истата постапка.
Како и секоја година, така и оваа, за учениците од IV година беа спроведени тестирања кои се опфатени со Државната матура.

Анализата на отсуството на учениците од настава покажува дека на состојбата треба да му се

посвети посебно внимание. Досегашниот пристап не покажуваше задоволителни резултати бидејки бројот на изостаноци постојано се зголемуваше. Најредовни беа учениците од прва година со вкупна бројка од 1028 изостаноци. Според вкупниот број
на изостаноци на ниво на училиште во споредба со истиот прериод минатата учебна година, отсуствата се зголемени во просек по ученик. Очигледно дека здравствените проблеми не се единствената причина, а ниту пак соработката со родителите ги дава саканите ефекти. Нивното навремено контактирање и информирање и од страна на раководителите на паралелките и смс-пораките од е-дневникот, како и програмата за советување на родители се уште се само алатки со големи очекувања.

***Практичната настава*** - започна навремено и регуларно од 01 септември 2021 г. со учениците од II, III и IV година од сите образовни профили според наставниот план и програмите за практична настава со определен фонд на часови и распоред по бази кај социјалните партнери, во Клиничката болница Д-р Трифун Пановски Битола, Домот за доенчиња и Здравствен Дом Битола. Во клиничката болница практичната настава се одржува под контрола и инструкции на стручни наставници од ОСМУ„Др Јован Калаузи„ Битола и тоа:

-Одделението за интерни болести, на

-Одделот за хирургија,

-Одделот за гинекологија и акушерство,

-Педијатриското одделение,

-Одделот за физикална терапија и рехабилитација,

-Одделот за инфективни болести

-во училишните кабинети за нега на болен, фармакогнозија, хемиската лабораторија, кабинетот за забна протетика и кабинетот за очна оптика.

Исто така, оваа учебна година по прв пат се реализираше наставната програма Учење преку работа кај работодавач, која со воведување на модуларните наставни планови е задолжителен предмет. За таа цел беа потпишани меморандуми за соработка со повеќе компании во градот, каде што учениците ја реализираа програмата.

- ***Изборна настава*** – се реализира според принципот на слободен избор на ученикот, а во согласност со насоките дадени во наставниот план за образовните профили, а истата се следи во III и IV година на образование.Во зависност од интересите и афинитетите, учениците се определија за следење на изборната настава во застапеност со 1 предмет со неделен фонд од по 2 часа од понудената листа во наставниот план кај здравствена струка и 2 предмети со неделен фонд од по 2 часа од понудената листа во наставниот план кај лични услуги.

Учениците од III -1 од образовниот профил ЗАБЕН ТЕХНИЧАР изборната настава ја следат по предметите : Биологија, Хемија.

Учениците од III -2 и III -3 од образовниот профил ФАРМАЦЕВТСКИ ЛАБОРАТОРИСКИ ТЕХНИЧАР изборната настава ја следат по предметите : Биологија, Хемија, Козметологија.

Учениците од III -4, III -5 , од образовниот профил МЕДИЦИНСКА СЕСТРА изборната настава ја следеа по предметите : Биологија , Хемија

Учениците од III -6 од ГИНЕКОЛОШКО АКУШЕРСКА СЕСТРА ги следеа изборните предмети: Патолошка бременост, Биологија

Учениците од III -7 од ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ ТЕХНИЧАР ги следеа следните изборни предмети : Биологија

Учениците од струка лични услуги , ТЕХНИЧАР ЗА ОЧНА ОПТИКА од III -8 паралелка ги следеа следните изборни предмети : Биологија, Диетотерапија кај око

Учениците од IV -1 од образовниот профил ЗАБЕН ТЕХНИЧАР изборната настава ја следат по предметите : Биологија, Хемија и Бизнис и претприемништво.

Учениците од IV -2 и IV -3 од образовниот профил ФАРМАЦЕВТСКИ ЛАБОРАТОРИСКИ ТЕХНИЧАР изборната настава ја следат по предметите : Биологија, Хемија, Бизнис и претприемништво

Учениците од IV -4, IV -5 , од образовниот профил МЕДИЦИНСКА СЕСТРА изборната настава ја следеа по предметите : Биологија , Хемија, Бизнис и претприемништво.

Учениците од IV -6 од ГИНЕКОЛОШКО АКУШЕРСКА СЕСТРА ги следеа изборните предмети: Биологија

Учениците од IV -7 од ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ ТЕХНИЧАР ги следеа следните изборни предмети : Биологија,Хемија и Физикзлна терапија во козметологија

Учениците од струка лични услуги , ТЕХНИЧАР ЗА ОЧНА ОПТИКА од IV -8 паралелка ги следеа следните изборни предмети : Диетотерапија кај око,Испитување на видот

- ***Дополнителната / додатната настава*** – се одржува континуирано во текот на целата учебната 2024/2025 година, според претходно изготвен распоред за сите предмети по години што е законска обврска на секој наставник да ја реализира истата, со посебен акцент кон послабите ученици и обратно додатната со талентираните ученици кои посебно зедоа учество на натпреварите на општинско , регионално и државно ниво. И двата типа на настава се изведуваа според изготвени програми во точно дефиниран термин, а редовноста на учениците, како и содржините што се реализираат, се евидентира во дневникот за работа на паралелките.

- ***Феријална пракса*** – се реализираше по завршувањето на наставната година и тоа според наставниот план за сите образовни профили. Годишниот фонд за феријална пракса според наставните планови е изразен со 20 работни дена за здравствена струка и 15 работни дена за лични услуги во месец јуни и крајно во месец август.Ученикот во еден работен ден по правило реализирал 7 наставни часа. Учениците посетуваа феријална пракса според претходна изработена програма од страна на одговорните стручни наставници.Училиштето исто така на секој ученик му обезбеди место за изведување на феријалната пракса,водејќи притоа сметка за неговата безбедност. Исто така реализацијата на овој тип на настава се изведуваше и по предлог на учениците од трета година и нивните родителите за изборот на место на реалзиација на истата, но претходно одговорниот наставник беше запознат за тоа и дава согласност за посетување на феријалната пракса.

## 7. Државна матура

Во учебната 2024/2025 година државната матура беше успешно реализирана како и секоја година во соработка со МОН , БРО , ДИЦ и ДПИ. Сите законски рокови за пријавување на учениците беа строго запазени според правилата на Правилникот за полагање на Државна матура и завршен испит. Во декември 2024 година пред крајот на првото полугодие секој ученик имаше право да се изјасни на изборот на предмети за полагање и тоа како екстерен предмет и интерен предмет, како и тема за Проектна задача кај професор –ментор. Проектната задача се полагаше во месец април со посебна динамика за секој ученик од образовните профили. Реализацијата на екстерниот дел од Државната матура започна во јуни со полагање на предметот странски јазик – англиски и математика (11.06.2025 год), Македонски јазик и литература (31.05.2025 година) . Интерниот дел се состоеше во полагање на општообразовен и стручен предмет во зависност од образовниот профил и тоа во периодот од 20.06- 26.06.2025 година.Втор испитен рок за полагање беше на 12.08 2025г.,македонски јазик и литература,англиски јазик на 14.08.2025година.

Паралелно во свои термини беше спроведен и завршниот испит со мала група на редовни и вонредни ученици преку полагање на испит по македонски јазик и литратура и уште еден стручен предмет по избор на кандидатите.

## 8. Поддршка на учениците

Поддршката на учениците во училиштето се спроведуваше преку севкупна грижа на учениците за нивното здравје, обезбедување на безбедни услови за учење , следење на нивниот напредок како и градење на здрави личности. Во таа насока во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на учениците и возрасните и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство. Токму заради тоа вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство во текот на целата учебна 2024 /2025 година.

Стручна служба преку раководителите на паралелките перманентно во текот на учебната година, примаше податоци за показателите на евентуалната нарушена семејна клима во семејствата на учениците, која се манифестира преку голем број на отсуства, нарушено поведение и успех на учениците. Вршеше аналитичко- истражувачка работа на социјалните фактори врз појавата на неуспехот на учениците и предлага мерки за отстранување на истиот. Во смисла на помош кон социјалните семејства и учениците кои доаѓаат од такви средини,продолжи да се реализира проектот Условен паричен надоместок за средно образование спроведен од Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за финансии, Центри за социјална работа, преку кој проект се продолжи да се подобрува пристапот и квалитетот на образованието, да се зголеми бројот на ученици запишани во средно образование како и да го поттикне реализирањето на задолжителното средно образование во Република Македонија. На долгорочно ниво проектот има за цел да ја зголеми вработеноста и да ја намали сиромаштијата и да создаде поквалитетна работна сила.

* Програмата за Условен паричен надоместок во учебната 2024/2025 година, како и во континуитет во наредните години, ја спроведува Владата на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика, наменета за ученици кои се на средношколска возраст и кои се членови на семејства корисници на социјална парична помош и тоа:

- ученикот да потекнува од семејство кое е корисник на социјална парична помош (или корисник чие право на СПП е во мирување)
- ученикот да не е корисник на детски додаток
- ученикот да е запишан како редовен ученик во средно училиште
- Ученикот доколку користел УПН една учебна година, за да се квалификува за УПН за следната година, не смее да ја повторува годината.

Правото на УПН можеше да го оствари секој ученик кој ги исполнуваше следниве услови и редовно да посетувал настава, односно во одредено тромесечие да има присуство на настава над 85 проценти.

Ваквите ученици корисници на УПН се следеа во текот на целата учебна година од претставниците на педагошко –психолошката служба во училиштето.

Соработката на училиштето со родителите, локалната заедница, деловната заедница и со невладиниот сектор е како партнерски однос изградена на највисоко ниво. Учеството на родителите во секојдневниот живот на училиштето е суштинска алка која обезбедуваше пријатна атмосфера за работа на нивните деца – учениците во текот на целото прво полугодие од учебната 2024/2025 година. Продлабочувањето на соработката има посебно значење затоа што контактите со родителите се позитивни и за родителот и за ученикот и за наставникот. Во зависност од целта и задачите што треба да се постигнат се организираа родителски средби на повеќе нивоа во текот на целата учебна година :

- Информативни со цел родителите да се запознаат со правата и обврските на учениците кон училиштето, кодексот, куќниот ред
- известување за оценувањето и напредувањето на учениците,(број на оценки, екстерно или интерно оценување, утврдување на општиот успех, упатување на поправен испит, испит на годината, критериуми за оценување...)
- постапка за изрекување на педагошки мерки
- вклучување во процесот на носење одлуки преку членување во Советот на родители како едно од најактивните тела кое се запознава со сите активности на училиштето и има увид во работата на останатите стручни тела

Соработката со родителите доби на квалитет со примена на активностите во програмата за советување на родители. Присуството на родителите е зачестено бидејќи на овој начин тие ги разгледуваат ситуациите во кои се нашле нивните деца, а се поврзани со намален успех, отсуство од настава или манифестирање на несоодветно однесување.

Училиштето имаше интерес во самиот почеток на учебната година да се промовира преку соработка со локалната заедница и нејзините потреби се појдовна точка при планирањето на многу активности од страна на училиштето. Тука училиштето ги регрутира своите потенцијални ученици, тука ги проширува своите дејности и ги нуди своите услуги. Во секоја активност која е иницирана од страна на заедницата, училиштето настојува да се пронајде и активно да се вклучи или пак своите активности да ги продлабочи и прошири токму на тие простори.Во тој контекст ги спомнуваме :

## 9. Училишна клима и култура

Квалитетот на знаењата на нашите ученици, високиот школски успех во текот на четиригодишното средно стручно образование, солидните резултати кои потоа ги постигнуваат на повисоките образовни институции или на работните места, како и наградите кои ги постигнуваат не само на локално туку и на државно ниво, го афирмираат името на училиштето и го прават препознатливо за широката јавност секоја учебна година, па така и оваа 2024/2025година. Имено, добрите резултати се огледуваат во средниот успех, но и во однос на поведението на учениците имајќи го во вид фактот дека нема ученици кои се отстранети од училиште заради недисциплина или недолично однесување кое го повредува куќниот односно училишниот ред.

Со цел развивање на натпреварувачки дух меѓу учениците, постигнување на подобри резултати, потикнување на индивидуалноста и оригиналноста на ученикот но и соработката меѓу учениците, а истовремено залагајќи се за подобрување на самодисциплината и редовноста на учениците, училиштето ги промовира и личните постигања на учениците и постигањата во име на училиштето.

Промовирањето на постигањата и за учениците и за наставниците, покрај со активности во училиштето (мали пригодни свечености ) и информирање преку локалните медиуми, најзначаен акцент добиваат со свечено доделување признанија на денот на одбележувањето на Патрониот празник во присуство на голем дел на ученици, наставници, родители, социјални партнери и претставници од локалната средина и останати гости.

# АНАЛИЗА

## НА УСПЕХОТ, РЕДОВНОСТА И ПОВЕДЕНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

## ВО ОСМУ ,, Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ" – БИТОЛА

## НА КРАЈОТ НА НАСТАВНАТА 2024 / 2025 година

Во учебната 2024/2025година, во ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи"- Битола се школуваат вкупно 762 ученици кој е на нивото на минатата учебна година и, од кои 578 се девојки и 184 момчиња. Бројот на учениците е во опаѓање веќе неколку години наназад но, тоа првенствено се должи на намалениот број на ученици демографски гледано и секако на високите критериуми при упис во училиштето на кои посебно се става акцент. Интересот за школување во ова училиште за волја на вистината сеуште е на завидно ниво кога ке се земат во вид статистиките кои зборуваат дека најголем број на ученици има во ова училиште. Во овој период до самиот почеток на второто полугодие се испишаа дури 11 ученици од кои една ученичка заради преселување во странство а останатите преминаа во друго училиште или го промениле местото на живеење.Од други училишта пак, во ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи" накнадно се запичаа 6 ученици.

| Учебна година | Бр. На ученици |
|---|---|
| 2011/2012 | 1049 |
| 2012/2013 | 1041 |
| 2013/2014 | 1018 |
| 2014/2015 | 1033 |
| 2015/2016 | 1017 |
| 2016/2017 | 925 |
| 2017/2018 | 942 |
| 2018/2019 | 891 |
| 2019/2020 | 868 |
| 2020/2021 | 888 |
| 2021/2022 | 810 |
| 2022/2023 | 782 |
| 2023/2024 | 763 |

| | |
|---|---|
| 2024/2025 | 762 |




*Сл.1 Преглед на број на ученици кои се школувале во текот на учебните години*

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2013/2014 | 3.51 |
| 2014/2015 | 3.64 |
| 2015/2016 | 3.36 |
| 2016/2017 | 3.64 |
| 2017/2018 | 3,81 |
| 2018/2019 | 3,99 |
| 2019/2020 | 4,25 |
| 2020/2021 | 4.44 |
| 2021/2022 | 4.45 |
| 2022/2023 | 4,41 |
| 2023/2024 | 4,40 |
| 2024/2025 | 4,35 |

Од графичкиот приказ бр2, може да се заклучи дека и средниот успех согласно и високите критериуми при упис се една од причините за неговата позитивна линија на движење.

*Сл.2 Преглед на движење на средниот успех на ниво на училиште*




Средниот успех постигнат на ниво на генерации исто така зборува и во прилог на претходниот контекст но и за залагањата на колективот во воспитно-образовната работа.Имено, највисоки постигнувања и оваа година забележуваме кај учениците од трета година но и во другите години на образование каде просекот е над 4.

| Година на образование | Среден успех 2024/25 | Среден успех 2023/24 |
|---|---|---|
| I година | 4,4 | 4.40 |
| II година | 4,19 | 4,2 |
| III година | 4,46 | 4,38 |
| IV година | 4,36 | 4,6 |




И во поглед на предметите и во поглед на подрачјата односно и струките, во глобала се забележува пораст на успехот во областа на здравствената струка во однос на струката лични услуги. Дури кај 15 паралелки на крајот на наставната година средниот успех е одличен односно над 4,5 сите од здравствената струка.Највисок среден успех имаат паралелките: IV-7 и III-3 со среден успех 4,77 од образовните профили физиотерапевтски техничар и фармацевтски техничар како и  медицинските сестри и тоа:III4:4.76; III-5:  и I-4 со просек :4.74;, додека најниски повторно се постигањата кај техничар за очна оптика II-8: 3.23; IV-8: 3.42 III-8: 3.68

Во поглед на етничката припадност,сметаме дека статистичките споредби нема да бидат релевантен показател од причини што 92.16% од учениците се од македонска националност , а останатите се вкупен збир на останатите етникуми. Единствено поголема е бројката на ученици со албанската припадност,35 односно 4,58%. Напоменуваме дека посветеноста кон учениците и постигањето на нивни

подобри резултати воопшто не е условена од етничката припадност и сите ученици имаат ист третман. Вкупно 46  ученици на ниво на училиште т.е 9,54 % имаат слаби оценки од кои 7,58 % се Македонци.

| Етничка припадност | Број на ученици | % на ученици со слаби оценки |
|---|---|---|
| Македонци | 714 | 19,47 |
| Албанци | 32 | 31,82 |
| Турци | 7 | 41.18 |
| Роми | 7 | 20 |
| Други | 5 | 0 |




Во поглед на редовноста во наставата сеуште треба да се работи на мерките бидејќи во однос на истиот период минатата учебна година, просекот на изостаноци изнесуваше 19,03 а оваа година направени се вкупно 16956 изостаноци или 21,28 изостаноци во просек по ученик. Највисока редовност имаме во прва година (13,04), а најмногу отсуствуваат учениците од четврта година со просечно 37,03 изостаноци по ученик.




| | 2023/2024 | | | | 2022/2023 | | | | 2021/2022 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на образование | *Оправ дани* | *Неоправ дани* | *Вкуп но* | *Прос ек* | *Оправ дани* | *Неоправ дани* | *Вкуп но* | *Прос ек* | *Оправ дани* | *Неоправ дани* | *Вкуп но* | *Прос ек* |
| Прва | 2294 | 109 | 2403 | 11,8 | 2159 | 51 | 2210 | 13,3 | 2434 | 100 | 2534 | 13,9 |
| Втора | 3173 | 176 | 3349 | 17,5 | 4462 | 310 | 4772 | 25 | 3203 | 230 | 3433 | 17,9 |
| Трета | 4281 | 281 | 4562 | 23,5 | 1110 | 67 | 1177 | 5,84 | 2588 | 396 | 2984 | 13,6 |
| Четврта | 3836 | 405 | 4241 | 23,5 | 3079 | 322 | 3401 | 15,2 | 3858 | 360 | 4218 | 20,7 |

Во поглед на изречените педагошки мерки, состојбата во овој период е одлична бидејќи сите ученици го завршија првото полугодие со примерно а, само 1 ученичка со добро поведение.

Во поглед на постигањата на Државна матура,резултатите се следни:

<u>Екстерни предмети:</u>

| | *Среден успех 2024/25* | *Среден успех 2023/24* |
|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 3.95 | 3,59 |
| Англиски јазик | 3.93 | 3,76 |
| Математика | 3,5 | |
| Вкупно екстерни | 3,79 | 3,68 |

Интерни предмети:

| Општообразовни предмети | Среден успех *2024/25* | Среден успех *2024/25* |
|---|---|---|
| Биологија | 4,88 | 5,00 |
| Хемија | 4,86 | 4,97 |
| Историја | 4,8 | 4,33 |
| Физика | 4 | / |
| Вкупно Општообразовни | 3,64 | 4,77 |

Стручни предмети:

| Образовен профил/квалификација | Среден успех | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ИП-1 *2024/25* | ИП-1 *2023/24* | ИП-2 *2024/25* | ИП-2 *2023/24* |
| Забен техничар | 5,00 | 5,00 | / | / |
| Фармацевтски техничар | 4,66 | 4,61 | / | / |
| Медицинска сестра | 4,92 | 5,00 | / | / |
| Гинеколошко-акушерска сестра | 5,00 | 4,67 | / | / |
| Физиотерапевтски техничар | 5,00 | 5,00 | / | 5,00 |
| Техничар за очна оптика | 5,00 | 5,00 | 4,00 | 4,75 |
| Вкупно стручни | 4,8 | | 4,88 | |

# Активности во ОСМУ,, Д-р Јован Калаузи,, Битола
# Во учебната 2024/2025 година

**<u>Септември</u>**

За сите генерации  прва-четврта

23 септември

Под мотото „Ако јас можам да го направам, можеме сите“, го одбележавме денот на физичката активност и здрав активен живот на сите, **#BEACTIVEDAY**. и поттикнување и освестуваме нашите ученици за трансформативната моќ на фитнесот кој, како животен стил, може да ги промени стекнатите навики. Преку проактивност, сплотеност и заедништво целта е спортот и спортската активност да се вградат во нашето секојдневие.




<u>Трета  и четврта година</u>

Во организација на ЈА Македонија, во рамките на проектот PLAY Jet, младите од Пелагонискиот регион имаа можност да учествуваат на камп за иновации.

-Основна цел на проектот е подобрување на знаењата за климатските промени и предизвиците поврзани со „праведната транзиција” кај средношколците од 4 земји (Македонија, Србија, Црна Гора и Бугарија), како и нивно охрабрување за активно вклучување во креирањето на политиките за решавање на проблемите во заедницата.

-Создаваме иновативна младина во регионите со јаглен и нови генерации на млади претприемачи кои ќе развиваат "Green economy"🌿




Во организација на ЈА Македонија, во рамките на проектот PLAY Jet, младите од Пелагонискиот регион имаа можност да учествуваат на камп за иновации.

-Основна цел на проектот е подобрување на знаењата за климатските промени и предизвиците поврзани со „праведната транзиција” кај средношколците од 4 земји (Македонија, Србија, Црна Гора и Бугарија), како и нивно охрабрување за активно вклучување во креирањето на политиките за решавање на проблемите во заедницата.

-Создаваме иновативна младина во регионите со јаглен и нови генерации на млади претприемачи кои ќе развиваат "Green economy"🌿

24.09.2024

Учениците: Михаела Спирковска IV4, Михаела Петровска II6, Христијан Ацковски III5, по победата на општинскиот натпревар, учествуваа на државниот натпревар за прва помош во екипата на ООЦК Битола




и го освоија првото место на истиот.




25 септември

Одбележување на 25 септември, СВЕТСКИОТ ДЕН НА ФАРМАЦЕВТИ!

Ученици од трета година од образовниот профил фармацевтски техничар, на Широк сокак –Битола, поставија штанд и ги информираа граѓаните за значењето на оваа професија и бенефитот од истата во секојдневното живеење. Воедно го преставија и училиштето и условите во кои учат и работат и ги откриваат тајните на оваа значајна научна дисциплина.

+5






За сите генерации прва-четврта

<u>30 .09.2024 год</u>

ОСУС - Битола во соработка со „Центар за јавно здравје” и „Црвен Крст" -Битола, го организираа традиционалниот Есенски крос на кој учество зедоа 480 ученици од основните училишта и 120 од средните училишта во 20 категории под менторство на 54 професори!

Кај средните училишта, ОСМУ „Д-р Јован Калаузи” го зазеде второто место!



**<u>октомври</u>**

21 октомври

Ученици од III-6, IV-5 и IV-6 присуствуваа на трибината ,,Грижа за себе - Образование и превенција на рак на дојка."Трибината со учество на еминентни стручњаци од оваа област, се одржа во просториите на Офицерскиот дом-Битола во организација на Општина Битола,Комисијата за еднакви можности, Здружението за развој на ромската заедница ,, СУМНАЛ"и Мрежата за младинско зајакнување и здравје.





IV година

18-19 Хотел МИЛЕНИУМ: ,,Стекнување практични вештини во областа на дигитална комуникација,безбедност на интернет и современи технологии во организација на ,,-Школа за дигитална писменост-НУУБ,, Св.Климент Охридски,,- Битола, Ротари клуб Битола Широк Сокак и Јавен адвертајзинг, со поддршка на Министерство за култура и туризам на РСМ - 5 ученици

31.10.2024
За трета година
Учениците од трета година од профилот забен техничар, заедно со професорите, во склоп на здравствено-просветна активност и промоција на здрави навики, беа во посета на градинката „Tweety" каде одржаа едукативна работилница „Одржување на правилна орална хигиена за најмладите".





**<u>ноември</u>**

По повод одбележувањето на Патрониот празник на училиштето,помеѓу останатите активности, во големата сала на Центарот за култура-Битола пред голем број гости, претставници од Локалната самоуправа, наставници, ученици и нивни родители, под менторство на своите наставници ученици од прва до четврта година се претставија со изведба на претставата ,, Некогаш и сега"








3 ноември





По повод одбележувањето на Денот на ослободувањето на Битола, на традиционалната ноќна атлетска трка, која се одржува во организација на Сојузот на спортови, во соработка со Сојузот на училишен спорт, а со поддршка од општина Битола, за најдобрите беа доделени златен, сребрен и бронзен медал, за освоено прво, второ и трето место. Нашето училиште, „ОСМУ Д-р Јован Калаузи”, освоија пет одличја.

-Во истите рамки во организација на ОСУС на град Битола и стрелачките клубови ГСК- Пелистер и РЕК - Битола, се одржа општинскиот натпревар во стрелаштво (воздушна пушка 10-м) на која учество зедоа ученици од основните и средните училишта.
На натпреварот учениците на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ - Битола освоија 2 одличја





4 ноември
- Од страна на Управата за јавни приходи на РСМ беше одржано предавање во рамките на проектот „Фискална едукација на младите“. Учениците од четврта година имаа можност да се запознаат со „Даночен систем на РСМ“

4 ноември

- Open house- ученици од Прва година учествуваа на работилницата за креативно пишување





6 ноември

Учениците од ОСМУ „Д-р Јован Калаузи” - Битола учествуваа во проектот „Ехо на уметноста: Мелодиите на Битола“ на Младински културен центар – Битола, кој се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Проектот „Ехо на уметноста: Мелодиите на Битола“ е кофинансиран од Општина Битола.

а главната цел на проектот е поттикнување и зајакнување на младинско учество и младинска ангажираност во локалната заедница преку алтернативни културни активности.

На 22.11.2024г. се одржа општински натпревар за средните училишта во шах за општина Битола.
Во машка конкуренција, ученикот на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ - Битола, Мартин Ташковски, го освои III (третото) место



Формиран е медиумски клуб на ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи" Битола - профилот на младите гласови кои истражуваат, известуваат и креираат интересни приказни кои им се важни! Да ги поддржиме за да бидеме во тек со сите новости.
Добро дојдовте во новата авантура на медицинско – местото каде што вистинските приказни се пишуваат од срце, а младите стануваат хероите на секојдневието
Овде, секој глас е важен, секој предизвик е можност, а секој успех е инспирација ✨Инстаграм профил 👇
[https://www.instagram.com/medikonekt?igsh=MWgxMWllOWQzczBzaA==](https://www.instagram.com/medikonekt?igsh=MWgxMWllOWQzczBzaA==)







**декември**

1 декемвриОСМУ „Д-р Јован Калаузи” со бројни активности, предавања, дискусии и дебати ја поддржа





светската кампања за борба против СИДАТА што оваа година се одржа под слоганот „Заедниците прават разлика”.
Низ голем број активности, како поставен панел за фотографирање на учениците со симболот на борбата против СИДАТА (црвена панделка), изработени летоци со советодавна содржина, предавања на професорите низ сите здравствено-медицински, социоекономски, психолошко-ментални, културолошки, традиционални, верски и лични ракурси на овој глобален проблем, презентација на студенти од Медицинскиот факултет при УГД (поранешни ученици на нашето училиште), темата „СИДА” им беше доближена на учениците како болест, психолошки и социолошки проблем, присутна околу нас, меѓу нас, во нас, низ светот…..



Со насоките како „информираност”, „разговор”, „рушење на табуи и предрасуди”, „преслетливост”, „хуманост”, „совесност”,



„подадена рака”, „разбирање”, „прифаќање”, „помагање”,се постигна главната и основна цел: „Заедниците прават разлика”.

3 декември
Учеството на учениците од ОСМУ „Д-р Јован Калаузи” на маршот по Широк Сокак, за Меѓународниот ден на лицата со попреченост - 3 декември во организација на Лајонс Клуб Кабадаја, е своевиден апел и барање на јавноста да се запознае, а општеството да се обврзе дека овие лица треба да се прифатат како рамноправни членови на заедницата, со сите граѓански и човекови слободи.
Секој поединец е посебен на свој начин и секој заслужува еднаква шанса и можност за остварување на своите права. Заложбата за остварување на правата на лицата со попреченост не е само прашање на правда, тоа е инвестиција во заедничка иднина.







Исто така изработено е и видео на оваа тема под наслов ,,Едуцирани луѓе носат информирани одлуки" кое е достапно на фб- страницата на училиштето https://www.facebook.com/jovankalauzibitola

4 Декември
ОСМУ „Д-р Јован Калаузи” - Битола беше домаќин на тимот од ОСПДПБ (Општински совет за превенција на детско престапништво - Битола) што одржа трибина на тема „Кампања за справување со последици од зависности”, на која учествуваа еминентни и кредибилни стручњаци од сите области, релевантни за превенција и санирање на овој горлив проблем сред младата популација.
Темата, обработена од стручниот тим, ги опфати психолошките, економските, социјалните, правните и културолошките аспекти на последиците од зависностите од пушењето, конзумирањето алкохол и психоделични супстанции , што беше внимателно и активно следено од присутните ученици.
Во делот на поставените прашања, учениците ја покажаа својата кооперативност, зрелост, правилен пристап и спремност за помош при судир со овие немили и проблематични ситуации на своите врсници.
Денешната трибина повторно ја покажа спремноста, отвореноста, посветеноста и едукативно-воспитниот пристап што училиштето го гради и негува низ годините на својата професионалност, реномираност и совесност.





5 декември
✨🎄Медицинско – нашиот дом надвор од дома!
Нашите ученици со својата креативност и ентузијазам го претворија секој агол од училиштето во топло катче исполнето со празнична магија, создавајќи инспиративен амбиент на радост и сплотеност.



Овие моменти нè потсетуваат колку е важна социјализацијата и тимската работа во образовниот процес, да градиме чувство на заедништво, поттикнувајќи ги учениците да растат и учат во една конструктивна и продуктивна атмосфера.



**#ДомНадворОдДома #ПразничнаАтмосфера**

На ден 4.12 и 5.12.2024 година, учениците од IV4 и IV5, од смерот медицинска сестра и III6, од смерот гинеколошко-акушерска сестра, заедно со стручните наставници, реализираа еднодневна посета на Специјалната болница за душевни болести - Демир Хисар, каде се запознаа со организацијата на работата во оваа специјализирана установа. При посетата ги посетија следните оддели:







Оддел за превенција и третман на алкохол;
Оддел за акутни ургентни состојби во психијатријата;
Акутно женско одделение;
Акутно машко одделение;
Оддел за продолжено лекување, рехабилитација и ресоцијализација;

Женско хронично одделение;
Оддел за психогеријатрија;
Оддел за рехабилитација (со ликовен, музички и кабинет за работна терапија, библиотека, спортска сала).

5 декември
Во просториите на Високата медицинска школа се одржа предавање на тема „Минимална инвазивна ендокрина хирургија - Специјализација со висока технологија, со цел да се постигнат оптимални резултати”, од страна на професор Теодосиос Папаврамидис од Аристотел универзитетот во Солун.






На предавањето беа присутни и нашите ученици од IV6, кои имаа можност да се запознаат со најновите методи во хируршкиот третман на бенигни и малигни тумори на тиреоидна жлезда и паратиреоидеа.

6 декември
Истражувачкиот тим од Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола под раководство на доц. д-р Ивона Шушак Лозановска, започна со реализација на теренските активности поврзани со Научно – истражувачкиот проект: „Врсничкото насилство во училиштата во Општина Битола“. Во текот на вчерашниот ден беа испитани вкупно 32 ученици од нашето училиште, по 8 ученици од секоја година (I до IV година) преку анкетен прашалник со скенирање на QR код.





10 декември
Ученици од „ОСМУ Д-р Јован Калаузи“, п, присуствуваа на завршниот настан во организација на Про Локал **Pro Local** , „Зајакнување на капацитетите на младите за застапување и лобирање пред носителите на одлуки на локално ниво“, од програмата за млади на Општина Битола.






11 декември
По наша иницијатива, со дел свои средства и поддршка од општествено одговорната компанија Синпекс, како донација, се набавија прочистувачи за воздух за секоја училница од нашето училиште. Во сезона на загаден воздух, преку преземање иницијатива за справување со истиот, грижата за учениците ни е на прво место!
Чистиот воздух е основа за здравје и здрав живот, основно човеково право, тој има непроценливо значење за здравјето и благосостојбата на нашите ученици и наставници. Со чист воздух до поголема концентрација и подобри резултати во учењето.
Се грижиме за нашите ученици! Чистиот воздух никогаш не бил поважен!



16 декември

Едукативна кампања организирана од ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија и Министерството за внатрешни работи, под мотото „СТОП за употребата на пиротехнички средства” беше дел од воспитно-образовниот процес во кој беа вклучени нашите ученици. Мотивот на превентивната кампања беше да им се укаже на учениците за можните опасности и последици од употребата на петарди и други пиротехнички средства, како и потенцирање на казнените законски одредби за неовластена употреба на пиротехнички средства на јавно место, што претставува општа опасност со која се загрозува сигурноста и безбедноста.



17 декември

Во рамки на соработката со НВО ,,ИМКА" – Битола и Врсничката школа за едукација за заштита на менталното здравје на младите, учениците едукатори кои ја посетуваа, како завршен настан пред соучениците од втора година одржаа предавање на тема ,,Врсничко насилство"







18 декември

Особено задоволство и радост ни беше што присуствуваме на новогодишната работилница, организирана за учениците од ОУРЦ Кочо Рацин - Битола.

Работилницата се одржа во просториите на училиштето, а нашите ученици, заедно со професорката по ликовна уметност, придонесоа во работилницата со свои изработки.





16, 17 и 20 декември -учениците од втора година, од образовните профили медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра, го посетија Одделот за централна стерилизација во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски” - Битола.

Учениците се запознаа со организацијата на работа во овој оддел, значењето, видовите, карактеристиките и контролата на стерилизација.

Целта на оваа посета е учениците полесно да ги усвојат наставните содржини преку поврзување на теоретските знаења и вежби во реални услови.

**21декември**

Ученици од прва година, со професорката по Англиски јазик присуствуваа на завршниот настан од реализацијата на проектот "Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2", проект поддржан од програмата МАТРА и Амбасадата на Кралството Холандија. Настанот се одржа во Центарот за култура - Битола



24 декември




Во согласност со планираните активности, во рамки на проектот „Зелена визија за Битола“, кој се спроведува од страна на Младинскиот културен центар - Битола и учениците од средните училишта во Битола, на 20.12.2024, нашите ученички од втора година, Марија Думеска и Теодора Петрова, а, успешно реализираа инфо сесија на тема „Обновливи извори на енергија“. На овој настан присутните ученици се запознаа со најчестите причини за загадување на воздухот. Преку низа примери се нотираа главните извори на аерозагадувањето и се дискутираше околу начините за намалување на истото. Беше ставен посебен акцент на фактот, како секој од нас може да придонесе во тој поглед и како сите ние треба да се залагаме за здрава животна средина. Истовремено, учениците дискутираа за обновливите извори на енергија, кои се единствен пат кон подобар воздух, како и за креирање на нова енергетска иднина на Битола и пошироката заедница.



24 декември

26 декември
Новогодишен маркет, под мотото „Со љубов за љубов“, со мисија да собереме средства за донација таму каде што е најпотребно. Така и се случи, мисијата и повеќе од успешна!
Сакаме да изразиме искрена благодарност до нашите професори, а воедно и до родителите на учениците, за нивната несебична поддршка и ангажман во организацијата и реализацијата на овој настан. Собраните средства ќе бидат реализирани за помош онаму каде што е најпотребно. Новата година и празниците се за сите, а заедништвото и хуманоста носат радост, надеж, среќа, љубов и сплотеност. Пораката е испратена: шириме љубов, топлина, сплотеност, емпатија, насмевки, прегратки, радост, хармонија, спокој, МАГИЈА!






27 декември
„Љубовта се множи кога се дели“
Со собраните средства од новогодишниот маркеткако донација од учениците од ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи" за децата во ОУРЦ „Кочо Рацин” - Битола, со љубов беа :
- 3 прочистувачи на воздух;
- 6 постелнини, 6 ќебиња и 6 перници за учениците во интернатот;
- 51 новогодишно пакетче.



31 јануари

Јануари е месец за подигнување на свеста за превенција од рак на грлото на матката. Учениците од профилот гинеколошко - акушерска сестра спроведоа едукативно предавање од воспитен карактер на тема „Рано откривање и превенција на рак на грлото на матката“. Оваа иницијатива има за цел да едуцира за важноста на раната детекција, скрининг - програмите и превентивните мерки за



4 февруари

Минатата недела, во просториите на нашето училиште се одржа обука за финансиска писменост со наслов „Микро Бизнис Игра" а истата е дел од проектот FinYes на Здружението на граѓани „ЦЕФЕ Македонија“.

Целта на проектот и обуката е да ги подобри финансиските вештини и знаења на учениците, со цел да им помогне во понатамошната професионална определба и реализација на нивните претприемачки идеи.





28.2.2025 Ден на ретките болести. Овој ден го одбележавме со поддршка од професорите и учениците на медицинско.

Ретко е да си редок!

Ретките се силни!

Ретките се горди!



6 март

Вчера, во нашето училиште се одржа воведна активност - менторска сесија која ја одржа проф. д-р Ангелина Станојоска, како дел од проектот на Мрежата Стела „Менторство и кариерно советување во средните училишта - еднакви можности за девојчињата и младите жени во Македонија“. Проектот е одобрен од МОН и БРО.






13 март

Во рамките на посетата на господинот Лукас Мацек, специјализиран истражувач за европската интеграција во Centre Grande Europe, при институтот Жан Делор, и директор на кампусот во Дижон на Sciences Po, нашите ученици, заедно со професорката Јасмина Атанасова зедоа учество во панел - дискусијата посветена на работата на институтот Жан Делор во областа на европското проширување.







24 март

На ден 24.3.2025 година, во нашето училиште беше одржана едукација и работилница на темата „Имедијатна имплантација во фронтална регија“,  предводена од примариус доцент доктор Данчо Бизевски, специјалист по орална хирургија, и тимот од професори,
примариус доцент доктор Жаклина Менчева, доцент доктор Сашо Стојковиќ од МИТ Универзитет - Скопје.
Едукацијата опфаќаше практична примена и обука за припрема на пациентот за оперативен зафат, припрема на хирушки тим, како и хируршка работа со животински и фантомски вилици и изведување на протетски, лабораториски и клинички фази.
Овај концепт на едукација наиде на широк интерес кај нашите ученици од IV година, од профилите медицинска сестра и забен техничар, кој воедно претставуваше и една од првите работилници од ваков вид во средните училишта во државата.
Нашето училиште упатува благодарност до целиот тим на МИТ Универзитет - Скопје за споделеното искуство.








**Патронен празник**

Патрониот празник оваа учебна година по 77 пат беше пдбележан на29.10.2024 година со свеченост на која беа доделени пофалници на учениците и нивните ментори кои во изминатата година освоија награди на државно ниво. Приредбата продолжи со презентација на кратки филмови и авторска песна со кои нашите ученици се претставија на овогодинешниот МАССУМ во Радовиш.

Главниот дел беше драмска претстава за детството некогаш и денес, судирот на генерации, различни игри, ставови и навики и сето тоа испреплетено со неколку музички точки и завршен поетски дел.
https://www.facebook.com/share/p/1AooDLfAVR/



**Отворен ден 15.05.2025година**

Со цел подобро запознавање на деветтооделенците со условите во нашето училиште, на ден 15.05.2025 година, беше организиран Отворен ден на кој училиштето под мотото „Биди дел од медицинско“ со свои штандови ги презентираше образовните профили кои се
изучуваат во истото. На штандовите беа поставени производи и изработки на учениците како и најразличен рекламен материјал.Можност да се учествува на демонстрации на прва помош интерактивни работилници, практични активности и разговори со ученици и наставници. Настанот понуди корисни информации за наставата, професионалните насоки и секојдневието во училиштето. Настанот беше збогатен и со отворени разговори со наставници и ученици, во кои посетителите можеа директно да прашаат сѐ што ги интересира за теоретската и практичната настава, професионалните насоки и секојдневието во медицинското училиште.
На отворениот ден со свои штандови учествуваа и некои компании каде што учениците ја реализираат
практичната настава. Од бизнис партнерите присуствуваа:

- Аптеки Eurofarm
- Аптеки Zegin
- Заботехнички лабаратории
- Оптика

https://www.facebook.com/share/v/1BR1xZqpAd/




Во однос на продолжување на понатамошната работа, училиштето се залага за континуирано подобрување на условите за работа на учениците и наставниците преку осовременување на материјално техничките услови за работа, континуирани обуки за наставниците како и постојано следење на современите начини на учење.